Борче ИЛИЕВСКИ

# ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА АРХИВИТЕ ВО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ДО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Во балканските земји кои долго време биле под разни власти и господари, архивите се развивале во различни околности и влијанија. Овде се мисли на архивите како самостојни установи во кои архивистиката можела да доживее една определена еволуција, бидејќи манастирите, црквите и другите верски организации најчесто имале драгоцена улога во поглед на зачувувањето на граѓата, но не навлегувале подлабоко во решавањето на архивистичките проблеми.[1]

Во овој прилог посветен на историјатот на архивското дело во балканските земји е опфатен развојот на архивите и позначајните архивски центри, како и периодот на прединституционалниот развој на архивите, пред сé собирањето старини, особено во периодот на преродбата кај балканските народи

Нема сомнеж дека и по својата старост и по заначењето Дубровничкиот архив треба да се спомене на прво место. Официјалните државни документи, најверојатно биле чувани од најрани времиња, а со оглед на мошне развиениот политички и економски живот на Дубровничката република нивното значење го надминува локалниот интерес. Неговите неисцрпни ризници се уште привлекуваат голем број истражувачи.

Историјата на самиот архив, неговото основање, развој и живот е во тесна поврзаност со судбината на самиот Дубровник. Најстарите нотарски книги се од 1278 година и точно не се знае дали до таа година

[1] На просторот на Југоисточна Европа уште во периодот на антиката се посветувало внимание на систематско средување на разни договори, закони, списи со имиња на победниците на олимписките игри и др. (John K. Davies, Greek Archives From Record to Monument, Ancient Archives and Archival Tradition, New York, 2003, 327-329; Ernst Posner, Archives in the Ancient World. Havard Universitu Press, 2003)

нотарски книги не се воделе, или пак, не се зачувани. Се смета дека во годините кога нотарските книги започнале да се сметаат за државна сопственост биле ставени и основите на архивот. [2]

Со тек на време започнал да се чува и друг важен материјал кој се однесувал на надворешните и внатрешните работи, така што од година во година се собирале сé повеќе материјали. Зголемувањето на количината на материјалите и документите го наметнало и прашањето за средување на тој материјал, така што тогаш се јавиле и првите архивистички проблеми.

И покрај овие практични проблеми, материјалот останал доста долго во неред и многу документи пропаднале поради негрижа. Честите пожари и земјотреси што го погодувале Дубровник оставале тешки последици по градот, а биле кобни и за архивот.[3]

Уште во почетокот на XIV век се јавуваат разни наредби за заведување на извесен ред во нотарските и другите материјали за граѓата што подобро да се чува, како и да биде подостапна за практична работа. Тоа најчесто се правело преку препишување на концептите во посебни книги. Во 1599 година била издадена наредба во која биле пропишани детални упатства за уредување на оној дел во архивот во кој се чувале повелби, привилегии и договори за кои се мислело дека се позначајни и требало да се чуваат посебно.

И покрај сите овие обиди врз чија основа би можеле да заклучиме дека важноста на пишаните документи била сосема исправно сфатена, сепак, и во XVII век била нанесена голема штета на архивскиот материјалот. Тогаш со ревизиите биле уништени многу документи, дури и старите акти на пергамент биле бришани и биле употребувани за нова коресподенција. На почетокот на XIX век за време на француското владеење се јавува еден обид за уредување на архивот.[4] Во овој период

[2] Ivan Mustać, Povjesni razvoj zaštite arhivske građe na području Dubrovačke Republike i grada Dubrovnika, Arhivski vjesnik 37 (1994), 19-23

[3]Голем дел од материјалите пропаднале и заради честите ревизии кои ги вршел Сенатот, а особено судбоносно се покажало австриското владеење за чие време голем дел од граѓата била пренесена во архивот во Виена. Во тоа време за губењето на документите често пати биле виновни и самите службеници. Голем број на документи поминал во приватно владеење. (Bernard Stuli, Arhivistika i arhivska služba, Studije i prilozi, HDA, Zagreb, 1997, 15-67).

[4]Градот Дубровник кој долго време бил под контрола на Венеција, во 1458 година, бил ставен под османска заштита. Градот годишно плаќал данок од 12.500 дукати, но и покрај тоа Дубровник бил независен во однос на сите практични прашања. Османското вазалство имало значаен резултат што на градот му биле дадени специјални права во трговијата во рамките на царството. Дубровник ја задржал својата автоном-

дошло до класификација и разбивање на фондовите по примерот што бил применуван во Франција. Материјалот не бил однесен од архивот, иако такви мерки биле применувани во другите освоени земји.[5]

Но, тоа го сторила Австрија во 1815 година со своето влегување во Дубровник. Нејзините власти го сфатиле значењето на архивската граѓа во дубровничкиот архив и веднаш биле преземени мерки најзначајните документи да се пренесат во Виена. Веќе во 1818 година документите биле сместени во тајниот дворски архив во Виена. На интервенција од Дубровник било дозволено да се изработат преписи на актите потребни за домашна употреба.

Сево ова било причина архивот во Дубровник со толку долга традиција и мошне значајна граѓа долго време да остане несреден. Кон едно систематско и успешно средување можело да се пристапи дури во 1900 година кога биле добиени простории во кои можел да се собере целиот материјал.

И во другите делови на Хрватска имало архиви со особено богата архивска граѓа како по количина така и по значење. Своите почетоци архивот во Загреб ги бележи уште во 1643 година. Саборот во 1744 година, го избрал првиот земски архивар, а веќе идната 1745 година му биле дадени и официјални упатства за средување на материјалот.[6] Бидејќи просторот каде што требало да се чува материјалот бил доста мал, било предвидено шкартирање на „неважните списи", а целиот материјал бил поделен во четири групи (право, политика, војска и економија). Секоја од групите морала да биде средена по хронолошки ред, а документите да бидат означени со броеви.

Како официјален датум од кога егзистира овој архив како посебна установа се смета 1763 година, бидејќи тогаш документите биле собрани и однесени на едно место.[7] Саборот и Намесничкиот совет повремено и посветувале внимание на оваа установа и одредувале насочници во нејзината работа. Со посебни прописи од 1867 година биле одредени точни услови за работа на странките во архивот, а се предвидувало да се преземат и сериозни и остри мерки за да се врати државниот архивски материјал кој бесправно се наоѓал во приватни раце. [8]

---

на позиција сè до 1806 година, кога бил окупиран од француските трупи и станал дел од т.н Илирски провинции. Со решенијата на Виенскиот конгрес (1815) Дубровник станал составен дел на Австрија.

[5] J. Butorac, S. Bačić, Iz historije pisanog dokumenta, Zagreb, 1966, 22-48

[6] М. Николић, Д Синдик, Архивистика за основи познавања библиотекарства, Београд, 1952, 4-11

[7] Ibidem

[8] Претходно во 1848 година бил изработен алфабетски регистер за повеќе фондови. Првиот предлог на закон кој не бил прифатен бил изработен во 1865 година. Ду-

Кон крајот на XIX век се појавила и идејата за централизација на архивската служба. По оваа, за тој период напредна идеја која наишла на силен отпор во некои средини, започнале да се преземаат повеќе современи мерки кои требало да го обезбедат нејзиното спроведување во дело. Биле испраќани расписи во жупаниите, општините и градовите врз чија основа требало да се собираат податоци за состојбата и количеството на архивскиот материјал кој евентуално би можел да се собере и да се пренесе во земскиот архив во Загреб. Доколку го споредиме времето кога овие упатства и закони биле објавувани и новостите кои со себе требало да ги донесат ќе видиме дека тие речиси во целост се исти со реформите кои се одвивале на овој план во Австрија, односно Австро-Унгарија.[9]

Освен архивот во Дубровник, на територијата на Далмација дејствувале и други архиви. Еден од нив е архивот во градот Задар кој имал слична судбина со оној во Дубровник. И тука количеството и состојбата на очуваноста на материјалот како и работата на средување и обработката зависело од интересите и гледиштата на властите. Архивот бил основан во 1624 година и во ова време се борел со тешкотиите кои најчесто се среќавале кај овие установи, пред се поради недостиг на финансиски средства, персонал и простории. Поголема грижа за средување и обработка била посветена по 1765 година, кога архивот бил сместен во по погодни простории и кога добил покрај архивист и еден помошник.

Во првата половина на XIX век под австриската управа, архивот претрпел доста губитоци. Шкартирањето било вршено нестручно, а слабо платениот персонал често пати продавал одредени документи, при што на средувањето и обработката било придавано минимално внимание. Дури во втората половина на XIX век овој богат архив со стари и значајни материјали го стекнал заслуженото внимание. Од овој период датираат повеќе индекси и инвентари. Тогаш сосема природно започнала и научната работа во него. За време на италијанската управа условите за работа во архивот биле тешки, а истражувачката работа честопати била попречувана.[10]

---

ри со законските одредби од 1870 година, детално била организирана работата на земскиот архив во Загреб. Во последните години на деветнаесетиот век било публикувано и посебно архивско списание „Vjestnik Zemaljskog arhiva", а на почетокот на дваесетиот век бил изработен и објавен „куќниот ред" кон кој морале да се придржуваат и службениците и вработените.

[9] B. Stuli, Op.cit, 15-67

[10] Michel Duchen, The history of the European Archives and the development of the archival profesion in Europe, AA 55, (Winter 1992), 14-25

Покрај оваа официјална државна установа во Задар од големо значење за чување на архивскиот материјал биле и црквите и манастирите и тоа со особено долга традиција. За некои дури и со статутот на градот било предвидено да можат да бидат и архиви и во своите ризници да чуваат градски и приватни материјали. Црквите и манастирите, воопшто, во овој поглед одиграле особено важна улога не само на овие простори. Тоа било од пресудно значење за работата на првите историчари кои започнале да употребуваат изворна граѓа. Се разбира, и овде можеле да се сретнат несовесност и негрижа, а како последица на тоа и големи празнини и недостатоци во материјалот. Во периодот меѓу двете светски војни бил основан и архивот во градот Риека кој тогаш бил под италијанска власт, а во 1949 година овој архив станал самостојна установа. По Втората светска војна биле основани повеќе градски архиви во Сплит, Вараждин, Хвар и во др. места.[11] Повеќето градски музеи во Хрватска имале и свои архивски збирки со материјали важни за историјата на односниот град или област, а со свој архивски фонд располага и Универзитетската библиотека во Загреб.

На територијата на Словенија не постоела самостојна државна архивска установа со организирана стручна работа сé до завршувањето на Втората светска војна. На овој простор имало обиди за создавање на архивски установи уште во деветнаесеттиот век. Повод за создавањето на првиот историски архив било собирањето на разни историски извори на иницијатива на музејското друштво во Љубљана. Во 1826 година бил основан музеј во Љубљана, а меѓу другото, музејот собирал и архивалии. Има податоци дека уште во 1620 година се појавила потреба од средување на архивските материјали кои се наоѓале во Љубљана, па за таа работа било определено и посебно лице. Документи за средувањето на оваа граѓа има од 1866 година кога била извршена груба поделба на материјалите. На почетокот на дваесеттиот век се пристапило и кон изработка на инвентар и опис на материјалот. [12]

Во 1945 година архивскиот оддел се оделил од музејот како самостојна установа, односно Државен архив. На територијата на Словенија има повеќе градски архиви.

Во Србија првпат прашањето за основање архив било покренато

[11] Vida Pavliček, povjest arhiva slobodnog i kraljevskog grada Varaždina, Arhivski vjesnik 37 (1994), 7-11

[12] M. Smole, Zgodovina arhivistike in arhivske službe, Ljubljana, 1976; Стјепан Антољак, Помошни историски науки, Скопје, 1966, 205

во 1846 година и биле основани разни комисии кои дејствувале во тој правец и се чекало овој архив да биде основан. Меѓутоа, ова прашање се одложувало се до 1898 година кога бил донесен законот за архивите, а архивот започнал да работи две години подоцна во 1900 година.

Во периодот меѓу 1846 и 1900 година додека се расправало за основањето на архивот голем дел од архивската граѓа била уништена. За илустрација на оваа состојба доволно е да се спомене дека во 1865 година Главната контролна комисија ја продала целата граѓа која се наоѓала кај неа, а се однесувала за периодот од Првото српско востание. При основањето на државната архива како база требало да послужат следните документи: 1) архивата на Кнежевската канцеларија, 2) архивата на поранешниот „Велики Народен суд“ 3) архивата на поранешните државни надлежства. Покрај тоа, граѓата на државната архива требало да се дополни и со сите документи кои биле од јавен и државен интерес.[13]

Меѓутоа, сите органи не постапиле според овие упатства и се́ до почетокот на Првата светска војна го немале предадено материјалот на државната архива. Оној материјал што бил предаден бил мошне слабо обработен, меѓу другото, и поради малиот број вработени во архивот.

Првата светска војна мошне тешко го погодила државниот архив на Србија. Архивската граѓа била преместувана во повеќе места за на крајот голем дел од материјалите да бидат запалени за да не дојдат во рацете на непријателите. Еден дел од архивските материјали што биле однесени од страна на државите ( Австро-Унгарија и Бугарија), кои ја окупирале Србија биле вратени по Првата или дури и по Втората светска војна.

Но, архивската граѓа во Србија не страдала само од воени уништувања, туку голем дел од граѓата бил уништуван и од немарност и незнаење. По Првата светска војна еден дел од материјалите останале во Австрија каде што биле однесени за време на војната, но, биле правени повеќе напопри барем еден дел од граѓата да се врати назад.

И во периодот на Втората светска војна граѓата повеќе пати била пренесувана на други посигурни места, а еден дел од граѓата бил сместен и во трезорот на Народната банка и во просториите на Универзитетската библиотека, но, голем дел од неа страдал за време на бомбардирањата. За време на Втората светска војна страдала уште една институција во Србија која по материјалот што во неа се чувал би-

[13] Радмила Петковић Поповић, Развој архивистике у Србији и Македонији, Београд, 1972,105-117; М. Николић, Д Синдик, Op. cit, 4-11

ла, исто така, значајна како и Државниот архив. Тоа била Народната библиотека во Белград основана во 1844 година.

Во оваа библиотека се чувале над 1300 ракописи кои потекнувале од периодот од XII до XIX век. Во неа се наоѓале и голем број на црковни книги, меѓу другото, и ( шест евангелија), повеќе повелби пишувани на пергамент од XIII и XIV век. Имало и повеке документи со поћов датум, а особено била значајна збирката на повеке писма од знаменити личности од XIX и XX век, како што биле Доситеј Обрадовиќ, Вук Караџиќ и др.[14] Но сето тоа пропаднало и засекогаш било уништено во бомбардирањето на Белград во април 1941 година.

Во државниот архив на Србија, главно, се чува архивска граѓа која се однесува на периодот од XIX и XX век. Граѓата од овој период во најголем дел била создадена во општините, судовите и министерствата на поранешното кнежество и Кралство Србија. Во архивот се чува и т.н збирка „поклони и откупи“ која содржи белешки, мемоари, автобиографии на политичари книжевници и други јавни личности.[15]

Освен споменатите материјали од понов датум архивот поседува и неколку документи од постаро време меѓу кои се истакнува Дечанската повелба од 1330 година, со која кралот Стефан Дечански го основал манастирот Високи Дечани.[16]

Веднаш по основањето на архивот многу научници и истражувачи барале граѓа за своите научни и истражувачки работи, како од Србија така и од други земји како што биле Русија, Бугарија и др.

Богат со материјали е и архивот на Српската академија на науки. Во овој архив особено се истакнуваат документите за средновековната историја на српскиот народ. Од средновековниот период има околу 300 документи, а некои од нив потекнуваат и од XIII век. Средновековните документи кои се наоѓат во овој архив биле пишувани на старословенски и латински јазик, додека документите со понов датум освен на српски биле пишувани и на германски, француски и италијански јазик.[17]

---

[14] Матић Светислав, Опис рукописа народне библиотеке, Посебна издања Српске академије наука, Београд, 1952, 301; Кићовић Мираш, Историја народне библиотеке у Београду, Београд, 1960, 250

[15] Р. Петковић Поповић, op cit, 169

[16] Станојевић Станоје, Историја српског народа у средњем веку, Извори, Посебна издања СКА, књ, 121, Београд, 1937, 318; Kićović Miraš, Rukopisi narodne biblioteke, Arhivski almanah, br. 1, Beograd, 1958, 49-80

[17] Српсакта академија на науките и уметностите раководела и со Митрополитско-Патријаршискиот архив во Сремски Карловци. Во овој архив има неколку осо-

По завршувањето на Првата светска војна и консолидирањето на односите во тогашното Кралство СХС, државните органи започнале да посветуваат поголема грижа и за архивските институции. Се основале повеќе архиви, меѓу кои и архивот во Скопје, во септември 1926 година. Положбата на оваа иституција и на финансиски и на кадровски план била доста тешка, за целиот период на нејзиното постоење, така што архивот не можел да развие некоја позабележителна дејност. Пред почетокот на Втората светска војна архивот во Скопје бил припоен кон „Музејот на Јужна Србија"[18]

На територијата на Црна Гора до 1926 година не постоела посебна архивска установа која би се грижела за собирање, чување, средување и обработка на архивската граѓа. Во Црна Гора централен Музеј бил формиран во 1896 година, во чии рамки постоело и библиотечно одделение, но, архивско одделение не постоело. Архивската граѓа долго време била расфрлана на повеќе места изложена на пропаѓање. Еден дел од официјалните документи биле чувани во резиденцијата на кралот Никола, дипломатската граѓа се чувала во Министерството за надворешни работи, а голем дел од архивските материјали се чувале и во Цетинскиот манастир.[19] Се додека не било основано архивското оделение при музејот во Цетиње не постоела ни организирана архивска служба.

Од 1926 година целата граѓа била сместена на едно место и започале стручните работи околу нејзиното средување. На територијата на Бока Которска, која до 1918 година била под власта на Австро-Унгарија имало доста стара архивска граѓа за која има податоци дека се користела уште од осумнаесеттиот век. Особено богат со архивски материјали бил градот Котор каде што постоеле и судски и бискупски архив.[20]

Во Босна и Херцеговина самостојни архивски установи не постоеле сé до ослободувањето по Втората сверска војна. Архивската граѓа била чувана во разни установи и голем дел од неа бил уништен.[21]

---

бено богати фондови, а за значењето на овој архив зборува и фактот дека австрискиот дворски совет во 1779 година, донел одлука да се регистрираат сите документи и истовремено да се определи лице кое би ја извршило таа работа. Архивските материјали во овоја архив честопати биле продавани од страна на ракововодителите на архивот на разни трговци со старини. (М. Николић, Д Синдик, Op. cit, 4-11)

[18] Тодор Талевски, Развојот на архивската служба во Македонија, сп. Македонски Архивист, IX-X/1980-1981, Скопје,1981,6

[19] С. Антољак, op. cit, 340

[20] Arhiv i Nauka, Kulturno blago Crne Gore, Beograd, 1980, 9-12

[21] Bogićević Vojislav, Ko je i na kakav način uništavao istorisko-arhivski material na teritorii Bosne I Hercegovine, Arhivist, sv. 3, Beograd, 1951, 15-20

Локалните феудалци за време на турското владеење чувале одредени материјали како свои збирки на документи, а дури во 1865 година била формирана т.н вилаетска управа во рамките на која постоел посебен оддел надлежен за актите.[22]

Во Бугарија првиот законски акт посветен на организација на архивите бил донесен дури во октомври 1951 година.[23] Овој закон бил донесен прилично доцна ако се знае дека Бугарија по 1878 година во голем степен била политички независна. Бугарската администрација која започнала да се создава по ослободувањето од турската власт требало да научи какво е значењето на документите, особено за проучувањето на историјата. Но, уште во периодот на преродбата документите кои најчесто по игра на случајот биле пронаоѓани од повеќе истражувачи добивале исклучително големо значење. Документите од минатото биле користени од духовните и политички водачи во борбата за црковна и политичка независност.

Пајсиј Хилендарски е еден од првите кои ги проучувале изворите, а во уводот на книгата „Историја славјаноблгарскаја" вели дека многу труд потрошил барајќи по светогорските манастири стари книги и царски грамоти. Значењето на архивите особено добро го разбирал бугарскиот револуционер Васил Левски кој заедно со другите предводници на борбата за црковна и национална незвисност биле свесни дека тие борби еден ден ќе станат дел од националната историја, а за сето тоа требало да има и документи. Уште пред ослободувањето од османлиската власт архивска збирка се оформила при читалиштето во градот Габрово, а веројатно имало и други збирки, но од нив не останале сведоштва. По ослободувањето еден дел од материјалите биле предадени во народната библиотека во Софија, а имало и повеќе друштва кои се бавеле со собирање на стари документи и материјали.[24]

Големо било и значењето на црковно-манастирските збирки за време на турското владеење, особено оние во Рилскиот, Бачковскиот, Хилендарскиот, Зографскиот манастир и др. Дел од нивните пишани богатства со тек на времето на разни начини станале дел од збирките на библиотеките и музеите во Лондон, Рим, Париз или Санкт Петерсбург, но, некаде монасите давале отпор при обидите дел од културното наследство да се изнесе од манастирите. Во еден француски патопис од почетокот на XVIII век, се кажува дека во Бачковскиот манастир имало особено богата библиотека со мноштво ракописи и де-

[22] С. Антољак, op. cit, 340

[23] Стефка Петкова, Увод в Архивознанието, Велико Търново, 1999, 70

[24] Иван Дуйчев, Лекции по Архивистика, София, 1993, 296-297

ка било невозможно да се земе дел од нив. Од средината на XVIII век се појавуваат ракописни, а подоцна и печатени писмовници, зборници од обрасци за писма, за сметководствени книги, за финансиски и други документи и тие биле доста распространети. Биле издавани паралелни турско-бугарски писмовници кои биле особено полезни за разбирање на разнојазичното население, а тие најмногу се однесувале на стопански активности.

Во првите години по ослободувањето на Бугарија била направена голема и полезна работа за организирање на деловодството на документите во државните установи. Се копирала руската канцелариска практика. Биле издавани правилници и наредби за деловодство.[25] Десет години по ослободувањето се публикувале т.н времени правила за научните и книжевни претпријатија во согласност со кои сите неоткриени „старини“ односно документи биле прогласени за сопственост на државата и не можеле да бидат изнесувани во странство. Врз основа на овие правила во 1890 година, бил донесен „Закон за зачувување на старините и помагање на научни и книжевни претпријатија“ со кој се препорачувало сите „подвижни старини“ кои ќе се откријат да се достават до Министерството за образование, а владата да откупува по еден примерок од нив за потребите на државниот музеј. Се разбира дека се наоѓале повеќе артефакти од минатото, но, немало закон со кој би биле уредени правилата за нивно чување.

Во 1903 година било донесено ново законско решение со кое се предвидувало да се состават описи на документите кои се чувале во одредени институции. Уште во 1901 година, била оформена една комисија која требало да го разглада прашањето за архивите. По две години бил направен извештај од комисијата во кој се истакнувало дека „Треба да се основа една државна архива по образец на архивите во другите цивилизирани земји“.[26]

Во 1909 година бил донесен законот за народна просвета со кој, меѓу другото, било определено Народната библиотека во Софија да ги собира и чува сите печатени ракописни или други пишани споменици. Со еден закон од 1911 година се предвидувало документи од најстаро време па до ослободувањето во 1878 година да бидат под врховен надзор на Министерството за народна просвета и дека не можат да бидат продавани, подарувани, преправани или уништени на никаков начин. Истата година било соопштено дека архивските материјали се наоѓаат во особено тешка положба несистематизирани, расфрлени на повеќе

[25] Enciklopedija Jugoslavije, sv. 1 Zagreb, JLZ, 1980, 265-270

[26] И. Дуйчев, op. cit, 297

места, некои уништени или разграбени, било констатирано дека не се водела речиси никаква грижа за толку вредното богатство.

Во овој период од црковно-манастирските збирки е најзначајна збирката во Рилскиот манастир, а и Синодот на Бугарската православна црква постепено формира свој архив. Во 1900 година бил издаден опис на ракописните книги во библиотеката во Синодот, а од 1921 година оваа збирка била поставена во Црковно историско-археолошкиот музеј.[27]

Во бугарските архиви има огромен број документи кои се однесуваат на македонската национална историја.

Во архивите на Турција има огромен број документи кои се поврзани и со нашата национална историја поради преплетеноста на судбината со Османлиската империја во период од повеќе векови. За разлика од Западна Европа, во Османлиската империја султанот бил единствен носител на врховната административна, воена и религиозна власт. Тој својата огромна власт ја реализирал преку Диванот (Државен совет), Беглер-беговите, беговите и повеќе други пониски службеници кои биле дел од еден развиен и добро образуван административен бирократски апарат.

Во врска со канцелариската и административната работа постоеле т.н помагала за составување документи. Таков бил зборникот на официјални документи наречен „Кореспонденција на султаните" од 1574 година, кој бил користен и како учебно помагало, а како таков бил користен и зборникот со наслов „Основи за кореспонденција" од средината на XVII век.[28]

Основните нормативни документи биле ферманите (укази на султанот), бератите, разни заповеди, дарствени грамоти (за назначување на должност, за давање на лена на спахиите, привилегии на високото духовенство). Особено важен централен орган бил Дефтерхането, во чии канцеларии се воделе описи за сите извори на приходи од потчинетите земји, регистри за спахите и нивните поседи, описи на тимарите со поименично набројување на селаните кои работеле и живееле на имотот на спахијата.

Месните органи на власта издавале разни акти т.н тескере (за собирање храна, коњи, коли за војските и др.) и воделе кореспонденција за различни прашања. Кадиите (судиите) ги запишувале своите

[27]Во 1921 година, бил донесен закон сој повторно се задолжувала Народната библиотека во Софија да се грижи за документите кои имаат врска со бугарското минато. (С. Петкова, op. cit, 67-68)

[28] Ibidem, 48-50

решенија во сицилите (регистри), издавале и тапии („тапу“) за владеење на земја, оверувале купопродажни документи и др.[29] Како што се забележува голем дел од документите кои се издавале во Османлиската империја се познати и денес, а некои од нив станале и дел од лексиката на македонскиот јазик.

Со текот на времето во централните и некои провинциски институции на власта во Османлиската империја се создавале значителни по обем историски архиви. Најголем дел од овие документи се чувале или во дворците на султанот, по домовите на високите чиновници, или во зградите на соодветните органи. Во овој период не постоел никаков орган кој би ги контролирал институциите во врска со чувањето на документите.

Во XIX век биле направени повеќе обиди за делумно решавање на прашањето со документите кои го загубиле своето оперативно значење. Еден таков обид се врзува со името на Решид-паша, кој за да ја подобри работата на централната администрација предвидел создавање архив за документите од укинатите органи. Со султански указ од 1846 година бил основан т.н. „Хазине и еврак“ (место каде што се чувале документите) и бил сместен во посебна зграда.[30] Децентрализацијата на архивската служба во Турција останала и во периодот меѓу двете светски војни. Имало 14 поголеми и позначајни архиви и голем број на други архиви. Во ова време се зголемувал интересот за османлиските архиви и на домашните, но, уште повеќе на странските проследувачи на историјата на Османлиската империја.[31] Поради ова се наложила потребата да се подобри работата околу систематизирањето и опишувањето на документите со изработување каталози и архивски водичи. Во европските земји биле испратени млади стручњаци да се подготвуват за архивисти. Отворањето на турските архиви за странски истражувачи се поврзува со името на творецот на модерна Турција, Кемал Ататурк.[32]

[29] Binak Ismet, A short history of the Turkish Archives, and the activites of the general Directorate of the State Archives, Ankara, 1994

[30] На ова место претежно биле пренесени постари документи од Високата порта. Подоцна во 1908 година, младотурскиот министер за просвета, историчарот Абдурахман Шериф таму префрлил и некои документи од султанскиот дворец, но фондовите не биле систематизирани, ниту опишани, така што попрво бил склад на документи отколку архив. (B. Ismet, Op. cit, 14)

[31] С. Петкова, op. cit, 50

[32] Во ноември 1922 година националното собрание во Анкара изгласало да се одделат функциите султан и калиф или религиозен водач, а потоа го укинало и султанатот. Турската република официјално била прогласена во ноември 1923 година, а

Современиот развој на грчката архивистика започнува со формирањето на генералната дирекција на грчите архиви во 1914 година во време на владата на Елефтериос Венизелос. Создавањето на оваа генерална дирекција била резултат на долгогодишните напопри на двајца истражувачи, историчарите Спиридон Ламбру и Јанис Влахојанис, а Влагојанис бил и првиот директор на грчките архиви.[33] И во Грција постојат богати архивски збирки кои во многу се поврзани и со нашата национална историја. Во Грција има голем број архиви како световни, така и црковни. Голем дел од архивските материјали се наоѓаат во Атина, но, има и во други архиви во провинциските центри. Особено богат документарен материјал постои за ослободителното движење од почетокот на деветнаесеттиот век во кое учествувале и голем број Македонци.

Од основањето на генералната дирекција на грчките архиви, па до почетокот на Втората светска војна биле издадени релативно мал број описи и инвентари. Во периодот меѓу двете светски војни биле издавани определени материјали кои се однесувале на историјата на Северна Грција, а биле чувани во повеќе архивски средишта на овој простор. Така, грчкиот палеограф Антониос Сигалас, професор по палеографија на универзитетот во Солун, во 1939 година издал доста обемен опис на ракописите и архивските материјали во Западна Македонија.[34] Во 1942 година била издадена книгата со избрани документи од историскиот архив на градот Бер. Тоа биле 92 документи од османлискиот период од XV до XIX век со грчки превод. Воопшто проучувањето на архивското богатство на Грција без разлика дали е од византиската епоха или периодот на османлиското владеење честопати може да има допирна точка и со Македонија.[35]

Исто така, особено внимание заслужуваат и архивските материјали кои се наоѓаат во манастирите на Света Гора. За целото време

---

потоа бил донесен нов устав. Мустафа Кемал бил избран за премиер на Турската република со што започнал забрзан процес на модернизација на турското општество. Со модернизацијата на Турција и нејзиното отворање кон надворешниот свет се создале услови истражувачите на османската историја систематски да започнат со истражување на турското архивско богатство.

[33] www.gak.gr/en/g_overview.html

[34] Овој грчки истражувач дал опис на архивските материјали од Кожани, Сјатиста, Костур Бер, Негуш, како и од збирката која се наоѓала при универзитетот во Солун. Овие документи во најголем број биле од османлискиот период, а биле пишувани на грчки и на турски јазик. (И. Дуйчев, оп.цит, 287) Може да се претпостави дека меѓу овие документи имало и доста материјали напишани на македонски или старословенски јазик, но, за жал, за нив немало никаков опис.

[35] Ibidem, 286

на османлиското владеење атонските манастири биле едни од ретките места кои ја зачувале својата самостојност. Света Гора не била само регионално културно жариште, туку општо христијанско црковно и книжевно средиште. Според проценките на многубројни истржувачи кон средината на XIX век во светогорските манастири имало близу 500 словенски ракописи, околу 2.800 грчки ракописи и 13.000 печатени книги.[36] Еден дел од овие богатства биле и уништувани, но, тоа се должело пред сè на честите пожари и на незнаењето на монасите кои уништиле дел од ракописите, или пак, ги подарувале или продавале на странци. Но, сепак, и покрај сè, светогорските манастири и до денес остануваат едни од најбогатите трезори на духовното богатство на сите балкански народи.[37] Тука се чуват архивски материјали не само на грчки јазик, туку и на сите други балкански јазици како и голем број ракописи на руски јазик.[38] Зографскиот манастир, Хилендар и Свети Пантелејмон чуваат голем број документи кои се однесуваат на средновековието, на османлиското владеење и особено на периодот на преродбата.

Голем дел на документи кои се однесуваат и на македонското минато останале не само необјавени, туку и непроучени. Биле издадени само некои документи од зографската збирка. Во манастирот Хилендар има доста матријали кои се однесуваат на историјата на балканските народи, а се разбира, и на македонскиот, но и овие документи не се доволно проучени.[39] Накратко кажано, проучувањата на архивските материјали кои се наоѓаат во светогорските манастири можат да дадат извонредно обилно градиво за проучувањето на историјата на сите балкански народи.

Под влијание на напредните движења во Европа, во триесеттите години на XIX век се јавило движењето за национална преродба кај Албанците наречено „рилиндија“ (преродба). Ова движење имало цел културно издигнување на Албанците, што подразбирало создавање на албанско писмо, развивање на школството и книжевноста. Ова движење на се појавило во Албанија, туку во интелектуалните кругови на албанската дијаспора кои се формирале во повеќе градови

[36] Михајло Георгиевски, Манастирските библиотеки и читалишта во Македонија до 1912 година, Скопје, 1975, 77

[37] Словенските ракописи во Македонија, ( во редакција на Владимир Мошин), Скопје, 1971, 7-12

[38] Vladimir Mošin, Ćirilski rukopisi Jugoslavenske akedemije, I dio, Zagreb, 1955, 49-54

[39] М. Георгиевски, op. cit,78-81; Не само во овие, туку и во другите манастири (ги има вкупно дваесет) имало доста монаси кои биле од Македонија, или пак, самите манастири имале директна или посредна врска со случувањата на овие простори.

[40] Сретен Драшкић, Европа и албанско питање (1830-1921), Београд, 2000, 17

во Европа и Америка.[40] На територијата на Албанија и по прогласувањето на независноста исклучително споро се развивале институциите на власта, а во некои области од земјата владеела речиси стопроцентна неписменост. Оттука јасно се гледа дека во Албанија во периодот меѓу двете светски војни не постоеле услови за развој на архивистиката, во услови на економска потчинетост и културна неразвиеност. Ваквата состојба останала сè до италијанската окупација во април 1939 година.

Во Романија со конституирањето на државата[41] започнале да се прават првите обиди за организирање на архивското дело. Уште пред Втората светска војна таму излегувале две стручни архивистички списанија „Списание на архивите" и „Хрисовул" кои биле посветени на проучување на архивистичката теорија и практичните проблеми од областа на архивистиката.[42] Напоредно со ова биле издавани и низа трудови чија цел била да го олеснат користењето на архивските материјали.

Исто така, заслужуваат да се споменат и збирките со факсимили на документи:романски, грчки, словенски, турски и латински.[43] Овие документи биле обработени од познати специјалисти. Во романските архиви има архивски материјали кои се однесуваат на македонското минато.

На крајот треба да нагласиме дека со конституирањето на националните држави на балканските простори во XIX и XX век, со формирањето на државните институции започнал и современиот развој на архивите во нив. Пресликувајќи го моделот од развиените европски држави, особено францускиот, балканските влади започнале да им посветуваат особено внимание на своите архивски институции, како на трезори на значајно културно, историско и духовно богатство, особено во периодот на градењето на националните идентитети во балканските држави.

[41] Романија добила независност во 1878 година, со одредбите на Берлинскиот конгрес

[42] И. Дуйчев, op. cit, 289

[43] Голем дел од документите објавени од страна на Главната дирекција на државните архиви се однесувале на периодот 1369-1600 година, а најголемиот дел биле пишувани на старословенски јазик. Биле издадени и многубројни документи кои се однесувале на историјата на повеќе митрополии, епископии и манастири.